Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

Оддел за односи со јавност и стратешки прашања
Сектор за односи со јавност и протокол

рег. бр. 16.1.2-1711

Скопје 07.02 2020

До

**Предмет: Одговор на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, доставува.-**

**Почитувани,**

Во врска со Вашите барања за пристап до информации од јавен карактер, Ве известуваме дека Министерството за внатрешни работи вклучително и Бирото за јавна безбедност располагаат со вкупно околу 2500 возила, и секое возило во текот на еден месец се користи минимум по 10 пати и за секој пат кога се користи едно возило се издава писмен налог, така што за наведениот број на возила со кои располага министерството по слободна проценка во текот на еден месец се издаваат минимум 25 000 писмени налози.

Писмените налози за користење на возилата во министерството согласно член 10 и 11 од Правилникот за распоредување, користење, одржување и обновување на возилата на Министерството за внатрешни работи бр.14.1-6947/1 од 30.11.2009 година е пропишано дека се издаваат во вид на дневен писмен налог за користење на возило од непосредниот раководител на организациската единица во министерството каде е распореден работникот кој го користи возилото. Воедно


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

сите писмени налози за користење на возилата по завршување на возењето се враќаат потпишани кај непосредниот раководител.

Исто така би сакале да напоменеме дека во Министерството за внатрешни работи не е предвидена електронска евиденција на писмените налози за користење на возилата на министерството.

**Изработил: Јован Пешевски**
**Контролирал: Сузана Прањиќ Талевска**
**Одобрил: Наталија Спирова**

ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ
**Тони Ангеловски**


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015